# ГЛАСИЛО
# GAZETË

ЗЕЛС
BNJVL

Јули 2021
Korrik 2021



ЗЕЛС
ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BNJVL
BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT



Почитувани,

Генералното собрание на ЗЕЛС, на осмата седница што се одржа преку електронска платформа за комуникации, ги усвои завршните документи од финансиското работење на ЗЕЛС за 2020 година. Позитивно мислење за овие финансиски извештаи, даде и Надзорниот одбор на ЗЕЛС.

Генерално, во овој период беа реализирани повеќе средби и состаноци на кои се дискутираше за начините на финансирање на локалната власт и можностите за нивно подобрување. Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините, каде ЗЕЛС има мнозински број членови, аргументирано застана на ставот дека е потребна функционална, а не институционална распределба на средствата од блок дотациите. Членовите на комисијата, освен што ги разгледуваа методологиите за распределба на приходите од ДДВ и на блок дотациите, имаа можност да се запознаат и со анализите од Ревизијата на успешност – Ефективност на мерките и активностите во функција на реализација на пренесените надлежности кои се финансираат со средства од блок дотации.

Во јули, Управниот одбор на ЗЕЛС ја одржа осумнаесеттата седница, на која го разгледа предлогот на Министерството за финансии за унапредување на процесот на фискалната децентрализација и зголемување на финансиската автономија на општините, а беа изнесени и залажбите за потребата од јасно утврдени критериуми за децентрализација на културните институции. На седницата беа донесени заклучоци кои кореспондираат со досегашните систематизирани ставови на ЗЕЛС околу финансирањето на локалната власт. Беше изнесено дека предлогот од МФ не соодветствува на потребите и дека воопшто не треба да се намали сумата што некои од општините би ја добиле со промена на процентот, односно дека основната формула би требало да предвиди поделбата на ДДВ да не биде помала од сегашната вредност, односно 4,5 %, а остатокот од зголемувањето може да се користи за двата предложени фонда.

Во текот на јули, ЗЕЛС ја организираше конференцијата со која се одбележа двегодишниот период на активностите од проектот „Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за родови политики и родово одговорен буџет", што го спроведува со поддршка на UN Women, Скопје. Во рамките на овој проект беше реализирана и посета на Општина Бар, Црна Гора, каде што темата на размена на искуства гласеше „Поддршка на женското претприемништво".

Во овој период, пред Работната група на проектот „Управување со отпад од пакување од стакло во Западен Балкан" беа презентирани досега постигнатите резултати, утврдените предизвици, како и предлог-методологијата за следење на процесот на собирање на стакло од амбалажа. Не изостана реализацијата и на активностите од проектот „Зајакнување на локалните капацитети за спроведување на Агендата 2030 и принципот Никој да не биде изоставен", каде досега, 24 претставници од општините се стекнаа со сертификати за примена на пристапи за испорака на социјални услуги.

Подетално за овие и за другите активности реализирани во јули 2021 година, ќе прочитате во овој број на Гласило на ЗЕЛС.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së, në seancën e tetë që u mbajt përmes platformës elektronike për komunikime, miratoi dokumentet përfundimtare nga puna financiare e BNJVL-së për vitin 2020. Mendim pozitiv për këto raporte financiare, dha edhe Bordi mbikëqyrës i BNJVL-së.

Kryesisht, në këtë periudhë u realizuan më shumë takime dhe mbledhje në të cilat u diskutua mbi mënyrat e financimit të pushteteve lokale dhe mundësitë për përmirësimin e tyre. Komisioni për ndjekje të zhvillimit të sistemit të financimit të komunave, ku BNJVL ka shumicën e numrit të anëtarëve në këtë trup, mbajtën qëndrimin e argumentuar se është e nevojshme shpërndarja funksionale e jo institucionale e mjeteve nga bllok dotacionet. Ata përveç që i shqyrtuan metodologjitë: për shpërndarjen e TVSH-së dhe të bllok dotacioneve, patën mundësi të informohen edhe mbi analizat nga Revizioni i suksesit – Efektiviteti i masave dhe aktiviteteve në funksion të realizimit të kompetencave të transferuara të cilat financohen me mjetet nga bllok dotacionet.

Në muajin korrik, Bordi drejtues i BNJVL-së mbajti seancën e tetëmbëdhjetë, në të cilën u shqyrtua propozimi i Ministrisë për financa për avancimin e procesit të decentralizimit fiskal dhe rritjen e autonomisë financiare të komunave, ndërsa u parashtruan edhe përpjekjet për nevojën e kritereve të përcaktuara qartë për decentralizimin e institucioneve kulturore. Në seancë u miratuan konkluzionet të cilat korrespondojnë me qëndrimet e sistematizuara të deritanishme të BNJVL-së në pjesën e financimit të pushtetit lokal. U përmend se propozimi i MF nuk korrespondon me nevojat dhe se aspak nuk duhet të zvogëlohet shuma që disa prej komunave do t'a fitonin me ndryshimin e përqindjes, respektivisht se formula kryesore do të duhej të parashikojë ndarja e TVSH-së të mos jetë më e vogël se vlera e deritanishme, respektivisht 4.5%, nga pjesa e mbetur e rritjes që të mund të shfrytëzohet për dy fondet e propozuara.

Gjatë muajit korrik, BNJVL organizoi konferencë me të cilën do të shënohet periudha dyvjeçare e aktiviteteve të projektit „Drejt komunave përgjegjëse për barazi gjinore: përforcim i kapaciteteve komunale për politika gjinore dhe buxhetim përgjegjës për barazi gjinore", që zbatohet me përkrahjen e UN Women, Shkup. Në kuadër të këtij Projekti u realizuan edhe takimi i komunës së Tivarit, Mal i Zi, ku tema e shkëmbimit të përvojave titullohej „Përkrahja e sipërmarrësisë në udhëheqje të femrave".

Në këtë periudhë, para Grupit punues të Projektit „Menaxhim me mbeturinat me ambalazh qelqi në Ballkanin Perëndimor" u prezantuan rezultatet e arritura deri më tani, sfidat e përcaktuara si dhe Propozim-Metodologjia për ndjekjen e procesit të grumbullimit të ambalazhit të qelqit. Nuk mungoi as realizimi i aktiviteteve të Projektit „Përforcim i kapaciteteve lokale për zbatimin e Agjendës 2030 dhe parimin Askush të mos ngelet i anashkaluar", ku deri më tani 24 përfaqësues të komunave morrën certifikata për zbatimin e qasjeve për dërgesë të shërbimeve sociale.

Më detajisht për këto dhe aktivitete tjera të realizuara në muajin korrin, 2021, do të leconi në këtë numër të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,

Dushica Perishiq
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së

**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Арта Абази
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка и печатење:** Европа 92

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Arta Abazi
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje shtyp:** Evropa 92

## ПОТРЕБНА Е ФУНКЦИОНАЛНА, А НЕ ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОД БЛОК ДОТАЦИИТЕ – СТАВ НА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ ОД КОМИСИЈАТА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА СИСТЕМОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ

Комисијата за следење на развојот на системот на финансирање на општините, во чиј состав мнозинството се претставници од ЗЕЛС и членови на Комисијата за финансирање при ЗЕЛС, на 21 јуни 2021 година, преку електронска платформа за комуникации, ја одржа 40-тата седница. Присутните ги разгледаа и ги усвоија предлог-уредбите за: методологијата за распределба на приходите од данокот на додадена вредност (ДДВ) по општини за 2022 година и методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации од областа на културата за истата година. На дневен ред беше поставен и нацрт-извештајот од Ревизијата на успешност – ефективност на мерките и активностите во функција на реализација на пренесените надлежности кои се финансираат со средства од блок дотации, а се дискутираше и за другите предизвици на локалните власти околу нивното финансирање.

### Методологијата за распределба на блок дотациите во културата, спорна за општините

Во однос на Уредбата за методологијата за распределба на приходите од ДДВ за 2022 година беше посочено дека и покрај најавите за зголемување на процентот од зафаќањето од ДДВ, тој и натаму ќе изнесува 4,5 %, од просекот на наплатениот ДДВ од претходната фискална година. Присутните ја усвоија Уредбата, а потоа продолжија со дискусија за Уредбата за блок дотациите од областа на културата. Беше посочено дека и во оваа Уредба нема никакви промени, односно распределбата на средствата ќе се врши според бројот на вработени во локалните установи во областа од културата; а трошоците за реализирање на дејности според вкупната површина на објектите во кои се сместени локалните установи и реализирање на дејностите од областа на културата. Претставниците од локалната власт посочија дека оваа методологија е спорна. Заложбата на ЗЕЛС, во подолг период, е да се спроведува функционална, а не институционална децентрализација, бидејќи општините каде што нема институции од областа на културата, речиси и не добиваат никакви средства за оваа намена, особено доколку проектите со кои конкурираат во Министерството за култура не им се прифатени. Исто така, беше посочено дека од започнувањето на децентрализацијата, бројот на вработени во локалните културни институции во континуитет се намалува (пензионирање, смрт, ново



## ËSHTË E NEVOJSHME SHPËRNDARJE FUNKSIONALE, E JO INSTITUCIONALE E MJETEVE NGA BLLOK DOTACIONET – QËNDRIM I PËRFAQËSUESVE TË PUSHTETIT LOKAL NGA KOMISIONI PËR NDJEKJE TË ZHVILLIMIT TË SISTEMIT TË FINANCIMIT TË KOMUNAVE

Komisioni për ndjekje të sistemit të financimit të komunave në përbërjen e të cilit pjesa më e madhe janë përfaqësues të BNJVL-së dhe anëtarë të Komisionit për financim në kuadër të BNJVL-së, më 21 qershor, 2021, përmes platformës elektronike për komunikim e mbajtën seancën e 40-të. Të pranishmit shqyrtuan dhe miratuan propozim-rregulloret për ndarjen e të hyrave nga tatimi i vlerës së shtuar (TVSH) në komunat për vitin 2022 dhe metodologjia për përcaktimin e kritereve për shpërndarjen e bllok dotacioneve të kulturës për vitin e njëjtë. Në rend dire u vendos edhe projekt-raporti nga Revizioni i suksesit – Efektiviteti i masave dhe aktivitetet në funksion të realizimit të kompetencave të cilat financohen me mjete nga bllok dotacionet, ndërsa diskutohet edhe për sfida tjera të pushteteve lokale në pjesën e financimit të tyre.

### Metodologjia për shpërndarjen e bllok dotacioneve në kulturë është e kontestueshme për komunat

Lidhur me Rregulloren për metodologjinë për shpërndarjen e të hyrave të TVSG për vitin 2022, u përmend se edhe krahas lajmërimeve për rritjen e përqindjes së TVSH-së për vitin 2022, e njëjta edhe mëtej do të përmbajë 4,5%, nga mesatarja e TVSH-së së arkëtuar nga viti paraprak fiskal. Të pranishmit miratuan këtë Rregullore, ndërsa propozuan me diskutim për Rregulloren për bllok dotacionet nga lëmia e kulturës. U përmend se edhe në këtë Rregullore nuk ka asnjë ndryshim, respektivisht shpërndarja e mjeteve do të kryhet sipas numrit të të punësuarve në institucionet lokale në lëminë e kulturës; shpenzime për realizimin e veprimeve sipas sipërfaqes së përgjithshme të objekteve në të cilat janë vendosur institucionet dhe realizimi i veprimtarisë nga lëmia e kulturës. Përfaqësuesit e pushtetit lokal përmendën se kjo metodologji është mjaft e kontestueshme. Përpjekjet e BNJVL-së në një periudhë më të gjatë është të zbatohet decentralizim funksional, e jo institucional, pasi që komunat ku nuk ka institucione nga lëmia e kulturës, pothuajse nuk marrin asnjë lloj mjetesh për këtë dedikim, veçanërisht përderisa projektet me të cilat konkurrojnë në Ministrinë për kulturë, nuk u janë pranuar. Gjithashtu u përmend nga fillimi i decentralizimit, numri i të punësuarve në institucionet lokale kulturore në vazhdimësi zvogëlohet (pensionimi, vdekja, vend i ri i punës) pasi që Ministria nuk



работно место) бидејќи Министерството не дава дозвола за нови вработувања. Тоа е потврдено и со конкретни извештаи. Беше побарано да се обезбеди информација колку биле блок дотациите во 2005 година, наспроти предвидените за 2022 година во оваа област и беше посочено дека би било правично кога во формулата би се ставил бројот на вработени на денот на преземањето на надлежностите, во 2005 година. Беше договорено Комисијата да испрати мислење до Министерството за култура и до Владата на РСМ за посочените предизвици и понудените предлози.

## Распределбата на блок дотациите во најголем дел оди за плати на вработените – утврдено во Ревизијата

На седницата, претставникот од Министерството за финансии ги изнесе главните забелешки од нацрт-извештајот од Ревизијата за успешност, односно од направената ревизија во делот на распределбата на блок дотациите за детска заштита, заштита на стари лица, основно и средно образование и култура. Претседателот на Комисијата, Аце Коцевски, градоначалник на општина Велес, резимираше дека извештајот на Ревизијата е темелен, со добри забелешки и препораки и од него можат да се извлечат поуки за тоа што може да се бара од централната власт.

Ревизорскиот завод констатира дека дотацијата, посебно во основното образование, се користи исклучиво за плати на вработените, иако бројот на ученици се намалува. Препорака е да се преземат активности за испитување на постојните критериуми за распределба на блок дотацијата во основното образование и рационализација на мрежата на училишта за секоја општина. Слична е состојбата и со распределбата на средствата во средното образование. Потенцирано е дека претходните години, се јавува недостиг на финансиски средства, посебно во делот на превозот, имајќи предвид дека средното образование е задолжително. Потенцирана е позитивната измена на Законот, којшто дозволува општините да го користат јавниот превоз. Исто така, поставено е прашањето за недоволното учество на претставници од општините во Комисијата за објавување на конкурсот за упис во средното образование. Потенцирано е дека трошоците за функционирање на ученичките домови не се влезени како средства во блок дотацијата, но и дека има ученички домови што не се префрлени на локално ниво. Кај блок дотациите кај детската и социјалната заштита, нема повратна информација за ефектот од направените измени. Потенциран е проблемот за градинките што имаат поголем капацитет, но помал број на деца. Кај домовите за стари лица, средствата од блок дотацијата во најголем дел се трошат за плати на вработените, каде е потенцирана потребата од нови вработувања, но и дека има поголем број на корисници во домовите. Има четири домови за стари лица коишто покриваат поголемо подрачје, меѓутоа најголем број од средствата се обезбедуваат преку самофинансирање или партиципација на корисниците.

## Во подготовка е нов закон за култура

Во делот на културата, ревизијата ги потврди ставовите на ЗЕЛС за потребата функционално, наместо институционално финансирање, во насока на обезбедување на еднаква достапност на културата на сите граѓани. Потенцирано е дека 100 % од средствата коишто се доделуваат како блок дотација во културата,

jep leje për punësime të reja. Kjo është përcaktuar edhe me raportet më konkrete. U kërkua të sigurohet informacion sa kanë qenë dotacionet në vitin 2005, krahas atyre që janë parashikuar në vitin 2022, në këtë lëmi dhe u përmend se nuk do të ishte e drejtë kur në formulë do të vendosnin numrin e të punësuarve ditën e ndërmarrjes së kompetencave në vitin 2005. U dakordua që Komisioni të dërgojë mendime në Ministrinë për kulturë dhe në Qeverinë e RMV për sfidat me të cilat ballafaqohen dhe propozimet e ofruara.

## Shpërndarja e bllok dotacioneve në pjesë më të madhe shkon për pagesën e rrogave të të punësuarve – të përcaktuara në Revizion

Në seancë përfaqësuesi i Ministrisë për financa paraqiti vërejtjet nga projekt-plani nga Revizioni për sukses respektivisht nga revizioni në pjesën e shpërndarjes së bllok dotacioneve për mbrojtjen e fëmijëve, mbrojtjen e personave të moshuar, arsimin fillor dhe të mesëm dhe kulturën. Kryetari i komisionit, Ace Kocevski, kryetar i komunës së Velesit, bëri rezyme se raporti i Revizionit është bazik, me vërejtje dhe rekomandime të mira nga ai mund të tërhiqen mësime për atë çka mund të kërkohet nga pushteti qëndror.

Enti për Revizion konkludon se dotacioni, veçanërisht në arsimin fillor, përdoret ekskluzivisht për pagat e stafit, megjithëse numri i nxënësve po zvogëlohet. Rekomandohet të ndërmerren aktivitete për shqyrtimin e kritereve ekzistuese për shpërndarjen e bllok dotacioneve në arsimin fillor dhe racionalizimin e rrjetit shkollor për secilën komunë. Situata është e ngjashme me shpërndarjen e fondeve në arsimin e mesëm. Theksohet se në vitet e mëparshme, ka mungesë të mjeteve financiare, veçanërisht në fushën e transportit, duke qenë se arsimi i mesëm është i detyrueshëm. Theksohet ndryshimi pozitiv i Ligjit që lejon komunat të përdorin transportin publik. Pyetja u ngrit gjithashtu rreth pjesëmarrjes së pamjaftueshme të përfaqësuesve nga komunat në Komisionin për shpalljen e konkursit për regjistrim në arsimin e mesëm. Theksohet që shpenzimet për funksionimin e konvikteve nuk përfshihen si mjete në bllok dotacionet, por gjithashtu se ka konvikte që nuk transferohen në nivelin lokal. Në rastin e bllok dotacioneve në mbrojtjen e fëmijëve dhe ato sociale, nuk ka asnjë reagim mbi efektin e ndryshimeve të bëra. Theksohet problemi i kopshteve që kanë një kapacitet më të madh, por një numër më të vogël të fëmijëve. Në shtëpitë e personave të moshuarve, mjetet nga bllok dotacioni janë shpenzuar kryesisht për rrogat e punonjësve, ku theksohet nevoja për punësime të reja, por gjithashtu që ka një numër më të madh të përdoruesve në shtëpi. Ekzistojnë katër shtëpi pleqsh që mbulojnë një rajon më të gjërë, por shumica e fondeve sigurohen përmes vetë-financimit ose participimit të përdoruesve.

## Në fazë përgatitore është hartimi i Ligjit të ri për kulturë

Në fushën e kulturës, revizioni konfirmoi pikëpamjet e BNJVL-së për nevojën e funksionimit, në vend të fondeve institucionale, për të siguruar qasje të barabartë në kulturë të të gjithë qytetarëve. Theksohet se 100% e fondeve që ndahen si një bllok dotacion në kulturë janë caktuar për pagat dhe se është e nevojshme të transferohen një

се издвојуваат за плати и дека е неопходно голем дел од културните установи да се префрлат на локално ниво за нивно понепосредно менаџирање од општината. Посочено беше дека во подготовка е нов закон за култура.

## Интензивно се работи на ревидирање на формулите во основното и во средното образование

Претставникот од Министерството за образование и наука дополни дека во средното образование треба да се обрне внимание на отворање на струки коишто се потребни на пазарот на трудот. Таа информираше дека со поддршка на УНИЦЕФ, во основното и во средното образование интензивно се работи на ревидирање на формулите, односно веќе е предложена нова формула. Во дискусија се вклучи и претставничката од Министерство за труд и социјална политика, која рече дека формулата за блок дотациите за труд и социјала е сменета во 2019 година, но, до сега, не се покажала како идеална, односно во сите општини блок дотациите не ги покриваат потребите за плати. Беше дополнето дека во врска со испразнетите работни места, оваа година добиле намалена блок дотација за 75 милиони денари, во однос на претходната година. Потреба од нови вработувања има, но со секоја согласност што се добива од МФ, се оди на штета на материјалните трошоци, затоа што нема нови средства. Во рамките на дневниот ред беше и точката за финансирање со наменските дотации за основно образование. Освен Општина Пласница, сите други општини се наоѓаат во втората фаза од децентрализацијата. Во однос на финансирањето на единиците на противпожарната заштита, ставот на ЗЕЛС е дека тоа треба да се регулира преку блок дотација, а не со наменска дотација, со цел да се обезбедат средства за подобрување на пожарникарската услуга и за замена на застарените возила. Од Министерството за финансии излегоа со став дека засега нема пари за овие издатоци.

Присутните посочија и на многу честата практика на општините, кои, за да го подобрат квалитетот на услугата, со свои средства преземаат капитални инвестирања во градинките или училиштата, па дури и изградба на нови објекти, а што законски е во надлежност на државата. Наспроти ова, кога со измената во Законот за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа им се даде право на општините да ги наменат вишоците од блок дотациите, освен долговите што ги имаат институциите, за активности што се од доменот на законските надлежности на единиците на локалната самоуправа, но со претходна согласност на Владата, беше укажано дека Владата, досега, (освен на Град Скопје) не им дала ваква согласност на општините.



pjesë e madhe e institucioneve kulturore në nivelin lokal për menaxhimin e tyre të drejtpërdrejtë nga komuna. U përmend se është duke u përgatitur një Ligj i ri për kulturën.

## Në mënyrë intensive punohet në revidimin e formulave në arsimin fillor dhe të mesëm

Përfaqësuesi i Ministrisë për arsimit dhe shkencës shtoi se në arsimin e mesëm, vëmendja duhet t'i kushtohet hapjes së profesioneve që janë të nevojshme në tregun e punës. Ajo informoi se me mbështetjen e UNICEF, në arsimin fillor dhe të mesëm po punohet intensivisht në rishikimin e formulave, dmth një formulë e re tashmë është propozuar. Në diskutim u bashkua edhe përfaqësuesi i Ministrisë për punë dhe politikë sociale, në lidhje me formulën që u ndryshua në vitin 2019 dhe e cila deri më tani nuk është dëshmuar të jetë ideale, d.m.th. në të gjitha komunat bllok dotacionet nuk mbulojnë nevojat. U plotësua se lidhur me vendet e punës të zbrazura këtë vit, bllok dotacioni është zvogëluar për 75 milion krahasuar me vitin e kaluar. Ekziston nevoja për punësime të reja, por me çdo pajtueshmëri të marrë nga Ministria për financa, shkon në dëm të shpenzimeve materiale, sepse nuk ka mjete të reja. Gjithashtu në rendin e ditës ishte pika për financim me dotacione për dedikim të caktuara për arsimin fillor. Me përjashtim të Komunës së Plasnicës, të gjitha komunat e tjera janë në fazën e dytë të decentralizimit. Sa i përket financimit të njësive të mbrojtjes kundër zjarrit, qëndrimi i BNJVL-së është që ajo të rregullohet përmes një bllok dotacioni dhe jo me dotacion për dedikim, në mënyrë që të sigurojë mjete për përmirësimin e shërbimit të zjarrit dhe për zëvendësimin e automjeteve të vjetruara. Ministria e Financave deklaroi se tani për tani nuk ka para për këto shpenzime.

Të pranishmit përmendën edhe praktikën shumë të shpeshtë të komunave t'a përmirësojnë cilësinë e shërbimit, me mjetet e tyre të ndëmerren investime kapitale në kopshtet ose shkollat, si dhe ndërtimi i objekteve të reja, me ç'rast ligjërisht është kompetencë e shtetit. Kundrejt kësaj, kur me ndryshimin në Ligjin për plotësim të Ligjit për financim të njësive të vetëqeverisjes lokale, komuna u dha e drejta që teprica nga bllok donacionet, përveç borxheve që kanë institucionet, t'i dedikojnë për aktivitete të cilat janë në pjesën e kompetencave ligjore të njësive të vetëqeverisjes lokale, por me pajtueshmëri paraprake të Qeverisë, u përmend se kjo deri më tani (përveç Qytetit të Shkupit) nuk u ka dhënë pajtueshmëri komunave.



## НАДЗОРНИОТ ОДБОР ДАДЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗЕЛС

Надзорниот одбор на ЗЕЛС, на 23 јуни 2021 година, на платформата Зум ја одржа шестата седница на која ги разгледа и ги усвои сите значајни документи од финансиското работење на Заедницата за минатата, 2020 година; потоа Извештајот на реализираните активностите за истата година, како и ребалансот на Буџетот на ЗЕЛС за 2021 година.

Извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, ја образложи Завршната сметка на ЗЕЛС за 2020 година со попрецизно прикажување на приходите и реализацијата на расходите. Беше укажано дека се бележи добра наплата на членарината од општините, што претставува индикатор за зголемување на самоодржливоста на организацијата. Расходниот дел се состои од трошоци за реализација на активностите поврзани со спроведување на услуги за: лобирање, одржување на електронските системи, за реализација на обуки за општинската администрација и за други настани и обврски. Присутните изразија задоволство од прикажаните резултати, особено од позитивното мислење што го даде независната ревизорска куќа за финансиското работење на ЗЕЛС. Надзорниот одбор позитивно се изјасни и за реализираните активности во минатата година, која во целиот свет, па и кај нас беше, обележана со пандемијата на ковид-19. Но, и во вакви услови, ЗЕЛС се приспособи и преку електронските платформи за комуникација обезбеди реализирање на седници на Генералното собрание, на Управниот одбор на ЗЕЛС и на другите тела на Заедницата, како и спроведување на обуки и заеднички проекти во полза на општините., По усвојувањето на горенаведените документи, Надзорниот одбор даде мислење до Генералното собрание истите документи да ги усвои на првата наредна седница.

Извршниот директор на ЗЕЛС го образложи и предлогот за усвојување на ребаланс на буџетот на ЗЕЛС за 2021. Со оглед на условите на пандемијата, претходниот буџет беше проектиран со акцент на заштеда на расходите и минимизирање на трошоците. На овој начин не се предвидени средства за реализирање на проекти за кои се сметаше дека во времето на планирање на буџетот нема да има технички можности за нивна реализација. Станува збор за активности што треба да се реализираат со други организации, па иако износот е многу мал, сепак е потребно да се изврши соодветна интервенција во буџетот на ЗЕЛС. Надзорниот одбор го усвои и овој предлог и тоа му го препорача и на Генералното собрание на ЗЕЛС.



## BORDI MBIKËQYRËS DHA MENDIM POZITIV PËR PUNËN FINANCIARE TË BNJVL-SË

Bordi mbikëqyrës i BNJVL-së, më 23 qershor, 2021, përmes aplikacionit ZOOM mbajti seancën e gjashtë në të cilën i shqyrtoi dhe miratoi dokumentet e rëndësishme nga puna financiare e Bashkësisë për vitin 2020; pastaj Raportin e aktiviteteve të realizuara nga viti i njëjtë dhe rebalanci i Buxhetit të BNJVL-së për vitin 2021.

Drejtori ekzekutiv i BNJVL-së arsyetoi propozimin e dhënë. Duke pasur parasysh kushtet e pandemisë, buxheti paraprak u projektua me theksin e kursimit të të dalave dhe minimizimi i shpenzimeve. U përmend se vërehet pagesë e mirë e anëtarësimit nga komunat, që paraqet indikator për rritjen e vetë-qëndrueshmërisë së organizatës. Pjesa e të dalave përbëhet nga shpenzimet për realizimin e aktiviteteve lidhur me zbatimin e shërbimeve për: lobim, për qëndrueshmërinë e sistemeve elektronike, për realizimin e trajnimeve dhe për ngjarje dhe obligime tjera. Të pranishmit u shprehën të kënaqur nga rezultatet e treguara, veçanërisht nga mendimi pozitiv që ka dhënë shtëpia për auditim lidhur me punën financiare të BNJVL-së. Bordi mbikëqyrës pozitivisht u deklarua edhe lidhur me realizimin e aktiviteteve në vitin e kaluar, që në mbarë botën, edhe tek ne, u ballafaquam me pandeminë nga KOVID -19. Por, edhe në kushte të këtilla BNJVL, u përshtat edhe përmes platformave elektronike për komunikim, siguroi realizim të seancës së Kuvendit Gjeneral, të Bordit drejtues të BNJVL-së dhe të trupave tjerë të Bashkësisë, si dhe zbatimi i trajnimeve dhe projekteve të përbashkëta në dobi të komunave. Bordi mbikëqyrës pas miratimit të këtyre dokumenteve, dhe mendim për Kuvendin Gjeneral që t'i miratojë në seancën e ardhshme.

Drejtori ekzekutiv i BNJVL-së arsyetoi edhe propozimin për miratimin e rebalancit të buxhetit të BNJVL-së për vitin 2021. Duke pasur parasysh kushtet e pandemisë, buxheti u projektua me theks në kursimin e të dalave dhe minimizimin e shpenzimeve. Në këtë mënyrë nuk janë parashikuar mjetet për realizimin e projekteve për të cilat konsiderohej se në kohën e planifikimit të buxhetit nuk ka mundësi teknike që të realizohen. Bëhet fjalë që aktivitetet që duhet të realizohen me organizata tjera, edhe nëse shuma është shumë e vogël, megjithatë është e nevojshme të kryhet intervenim në buxhetin e BNJVL-së. Bordi mbikëqyrës miratoi këtë dokument dhe këtë propozim dhe të njëjtën i'a rekomandoi Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së.



## ПРЕЗЕНТИРАНИ РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ДОСЕГАШНАТА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ ОД СТАКЛО ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН“

Активностите во рамките на проектот „Управување со отпад од пакување од стакло во Западен Балкан“ што досега ги реализираа: ЗЕЛС, ПАКОМАК и ГИЗ заедно со експертите, веќе даваат и конкретни резултати и покрај предизвиците со пандемијата со ковид-19. Со цел да се направи пресек на постигнатото, утврдување на предизвиците и натамошно заемно координирање на активностите, на 25 јуни 2021 година, беше одржан вториот состанок на Работната група, составена од претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП); од стопанските комори; од ГИЗ; експерти и претставници од шесте пилот-општини. Целта на Работната група е воспоставување дијалог од засегнатите страни во градењето пристап и политики заради создавање успешен, квалитетен, ефикасен и применлив модел за собирање и рециклирање стаклена амбалажа од страна на единиците на локалната самоуправа. На состанокот беше презентиран и претфиналниот текст на Методологија за следење на процесот на собирање на амбалажа од стакло во Р. С. Македонија, како и некои измени поврзани со новиот Предлог- закон за управување со отпад од пакување.

**СИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ СЕ БИТНИ**




Експертите посочија дека стапката на собирање стакло од отпад во ЕУ-28 (2013) изнесува 74 %, со заложба до 2030 година да се зголеми на 90 %. Во нашата земја оваа стапка е значително пониска, а како причини се сметаат: недостиг на свест кај населението за селекција на отпад; недостиг на владини стимулативни програми за општините/градовите; лоша инфраструктура (постепено се подобрува); неликвидност на јавните комунални претпријатија; отсуство на систем за следење на собраниот отпад како основа за стратешки планирања; општата економска ситуација и друго.

### Реализирани се подготовките за следење на процесот на собирање на стакло во сите шест ЕЛС

Во рамките на овој проект, активностите што се преземаат во пилот-општините: Илинден, Штип, Гевгелија, Битола, Тетово и Град Скопје (Аеродром и Гази Баба) се во насока на коригирање и надминување на дел од овие предизвици. За постигнување на целите на проектот, меѓу кои е и целта за зголемување од најмалку 20 % на собраните количини стаклена амбалажа (во споредба со 20219/2020 година), првенствено беа

## U PREZANTUAN REZULTATET E REALIZIMIT TË DERITANISHËM TË PROJEKTIT „MENAXHIM ME MBETURINAT ME AMBALAZH TË QELQIT NË BALLKANIN PERËNDIMOR“

Aktivitetet në kuadër të projektit „Menaxhim me mbeturinat me paketim të qelqit në Ballkanin Perëndimor“ që i realizuan deri më tani BNJVL, PAKOMAK dhe GIZ së bashku me ekspertët, tashmë japin edhe rezultate konkrete edhe krahas sfidave nga pandemia me KOVID-19. Me qëllim që të bëhet një pasqyrë e të arriturës, përcaktimi i sfidave dhe koordinimi i mëtejmë i ndërsjellë i aktiviteteve, më 25 qershor, 2021, u mbajt mbledhja e dytë e Grupit punues, të përbërë nga përfaqësuesit e Ministrisë për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor (MMJPH); nga odat ekonomike; nga GIZ; ekspertët dhe përfaqësuesit e gjashtë pilot-komunave. Qëllimi i Grupit punues është vendosja e dialogut nga palët e tanguara në ndërtimin e qasjes dhe politikave për shkak të krijimit të modelit të suksesshëm, cilësor, efikas e të zbatueshëm për mbledhjen dhe riciklimin e ambalazhit të qelqit nga ana e njësive të vetëqeverisjes lokale. Në mbledhje u prezantua edhe teksti para-final i Metodologjisë për ndjekjen e procesit të mbledhjes së qelqit me ambalazh, si dhe disa ndryshime lidhur me Propozim-Ligjin e ri për menaxhim me mbeturinat e paketuara.



Ekspertët përmendën se shkalla e mbledhjes së mbeturinave të qelqit në BE-28 (2013) përmban 74%, me përpjekje që deri më 2030 të rritet për 90 %. Në vendin tonë kjo shkallë është dukshëm më e ulët, ndërsa si arsye konsiderohen: mungesa e vetëdijes për selektim te popullata; mungesa e programeve simulative qeveritare për komunat/qytetet; infrastruktura e keqe (përmirësohet gradualisht); ndërmarrjet komunale publike nuk janë mjaft likuide; mungesa e një sistemi për ndjekje të mbeturinave të mbledhura si bazë e planifikimit strategjik; gjendja e përgjithshme ekonomike etj.

### U realizuan përgatitjet për ndjekjen e procesit të mbledhjes së qelqit në të gjitha gjashtë NJVL

Prandaj në kuadër të këtij Projekti, aktivitetet e ndërmarra në pilot - komunat: Ilinden, Shtip, Gjevgjeli, Manastir, Tetovë dhe Qytetin e Shkupit (Aerodrom dhe Gazi Baba) kanë për qëllim korrigjimin dhe tejkalimin e disa prej këtyre sfidave. Për të arritur qëllimet e Projektit, përfshirë qëllimin për të rritur me të paktën 20% sasitë e grumbulluara të ambalazhit të qelqit (krahasuar me 20219/2020), fillimisht













реализирани подготовките за определување на постојната состојба, како појдовна точка за споредба на резултатите. Исто така, во петте единици на локална самоуправа (ЕЛС), поставена е и соодветна инфраструктура на контејнери за рециклажа на отпад од стакло, односно беа донирани 320 зелени контејнери во рамките на проектот, кои ја надополнуваат вкупната бројка заедно со веќе поставените, од периодот пред 2020 година. Во соработка со ЈКП и ЕЛС, мапирани се постојните локации на „игло контејнерите" за стакло; идентификувани се реалните потреби за целосна покриеност; изработени се листи со точни локации и предлог микролокации; подготвени се листи за попрецизно следење на процесот на собирање, кои ќе се применуваат во 2021/22 година и реализирани се обуки за собирачите и клучните лица во ЈКП и ЕЛС за нивно пополнување и за следење на целиот процес на собирање на стаклена амбалажа. Собраните количини ќе се следат во ексел-табели и врз основа на тоа ќе се препорачува поместување или преместување на контејнерите за да се постигне оптимална покриеност и расположливост, и потоа ќе се развијат студии на случај, кои понатаму би служеле како добра практика за примена на системот од страна на другите општини.

## Следува втората фаза од подигањето на свеста на граѓаните, што ќе биде фокусирана на локално ниво

На состанокот се говореше и за реализацијата на претфазата на регионалната медиумска кампања за подигање на свеста кај населението за рециклирање на отпад од стаклена амбалажа. Одржана е регионална конференција на сите пилот-општини; проектот е претставен пред медиумите; објавени се поголем број тематски текстови за целите на проектот и важноста за рециклирањето на стаклото; обезбедени се постери приспособени за секоја општина и доставени до општините; изработени се и поставени се налепници на контејнерите; изработени се повеќе инфографики за поставување на социјалните медиуми; изработен е анимиран филм за проектот во подолга и пократка верзија и обезбеден е титлуван превод на албански јазик; подготвени се и изработени голем број на информативни флаери. Следува втората фаза од подигањето на свеста на граѓаните, што ќе биде фокусирана на локално ниво. Низ сет активности, општините ќе ги информираат граѓаните каде треба да ја депонираат селектираната стаклена амбалажа; да ги мотивираат селектирањето да го прифатат како дел од културното и современо живеење што е во полза на целата заедница; да организираат поголем број јавни настани; да обезбедат соработка со локалните медиуми и редовна комуникација со граѓаните преку социјалните мрежи; да ги поставуваат информативните графики на социјалните медиуми и на веб-страницата на општината и да ги дистрибуираат отпечатените флаери преку комуналните претпријатија или да ги постават во повеќе фреквентни објекти во општините.

u realizuan përgatitjet për të përcaktuar situatën aktuale, si një pikënisje për krahasimin e rezultateteve. Gjithashtu, në pesë njësitë e vetëqeverisjes lokale (NJVL), është instaluar një infrastrukturë e përshtatshme e kontejnerëve për riciklimin e mbeturinave të qelqit, dmth. 320 kontejnerë të gjelbër u donuan në kuadër Projektit, të cilat plotësojnë numrin e përgjithshëm së bashku me ato të instaluara tashmë , nga periudha para vitit 2020. Në bashkëpunim me NPK dhe NJVL, janë hartëzuar vendet ekzistuese të „kontejnerëve ilgo" për qelq; janë identifikuar nevojat reale për mbulim të plotë; listat e lokacioneve të sakta dhe janë përgatitur mikro-lokacionet e propozuara; Janë përgatitur listat për monitorim më të saktë të procesit të grumbullimit, të cilat do të aplikohen në vitin 2021/22, dhe janë realizuar trajnime për mbledhësit dhe personat kryesorë në NPK dhe NJVL për plotësimin e tyre dhe për monitorimin e të gjithë procesit të mbledhjes së paketimit të qelqit. Sasitë e grumbulluara do të monitorohen në tabelat e Excel dhe në bazë të kësaj do të rekomandohet lëvizja ose zhvendosja e kontejnerëve në mënyrë që të arrihet mbulimi dhe disponueshmëria optimale dhe më pas do të zhvillohen studimet në rast, të cilat do të shërbenin më tej si një praktikë e mirë për aplikim të sistemit nga komunat tjera.

## Vijon faza e dytë e ngritjes së vetëdijes së qytetarëve, që do fokusohet në nivel lokal

Në takim u diskutua edhe për realizimin e para-fazës së fushatës së mediave rajonale për ndërgjegjësimin e popullatës për riciklimin e mbeturinave të ambalazhit të qelqit. U mbajt një konferencë rajonale e të gjitha pilot-komunave; Projekti u prezantua në media; një numër i teksteve tematike janë botuar mbi objektivat e projektit dhe rëndësinë e riciklimit të qelqit; posterët e përshtatur për secilën komunë dhe të njëjtat të sigurohen dhe u dorëzohen komunave; janë përgatitur dhe vendosur etiketat në kontejnerë; janë realizuar më shumë infografikë për vendosjen e tyre në mediat sociale; është realizuar një film i animuar për projektin në një version më të gjatë dhe më të shkurtër dhe u sigurua një përkthim i titrave në gjuhën shqipe; janë përgatitur një numër i madh i fletushkave për informacion. Vijon faza e dytë e ndërgjegjësimit të qytetarëve, e cila do të fokusohet në nivelin lokal. Përmes një sërë aktivitetesh, komunat do t'i informojnë qytetarët se ku duhet të deponojnë paketimin e selektuar të ambalazhit të qelqit; për të motivuar dhe nxitur selektimin t'a pranojnë si pjesë e një jete kulturore dhe bashkëkohore që është në dobi të të gjithë bashkësisë; për të organizuar një numër ngjarjesh publike; të sigurojë bashkëpunim me mediat lokale dhe komunikim të rregullt me qytetarët përmes rrjeteve sociale; të vendosin grafikët informativë në mediat sociale dhe në faqen e internetit të komunës dhe fletushkat e shtypura t'i distribuojnë përmes ndërmarrjeve komunale ose t'i vendosin ato në objekte më shpesh të frekuentuara të komunës.

**Презентиран е претфиналниот текст на Методологијата за следење на процесот на собирање на амбалажа од стакло во Р. С. Македонија**

На состанокот, експертите информираа дека во завршна фаза е и Извештајот со анализи за процесот на собирање на стакло од амбалажа во пилот-општините од нашата земја. Тие го презентираа и претфиналниот текст на Методологијата за следење на процесот на собирање на амбалажа од стакло во Р. С. Македонија. Беше посочено дека се предвидени два канала на собирање: населението (градско, приградско и рурално подрачје) и секторот ХОРЕКА. Методологија има повеќе цели меѓу кои: значително зголемување на количината на собран отпад од стакло за најмалку 20 % во споредба со 20219/2020 година; оптимизација на бројот и распоредот на контејнери за собирање на стакло; одредување на најефикасни рути за собирање на отпад од стакло: рационализација на динамиката/фреквенцијата на маршрутата за собирање стакло по зони (урбани, приградски, рурални и ХОРЕКА); минимизирање на трошоците за 1 кг собрано стакло по зони; обезбедување на прецизни и ажурирани податоци за собраниот отпад; континуирана контрола и брзи корективни мерки за оптимизација на собирањето на стакло и други.

*Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) во Република Северна Македонија во соработка со Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ) е партнер во имплементацијата на проектот „Управување со отпад од пакување од стакло во Западен Балкан“, финансиран од Сојузното министерство за економска соработка и развој на Германија (BMZ) и компанијата ПАКОМАК (Македонија), во рамките на Програмата за соработка со бизнис-секторот develoPPP.de.*

**U prezantua teksti para-final i Metodologjise per ndjekjen e procesit te grumbullimit te ambalazhit te qelqit në R, e Maqedonisë së Veriut**

Në mbledhje, ekspertët informuan se në fazë përfundimtare është edhe Raporti me analiza mbi procesin e grumbullimit të ambalazhit të qelqit në pilot - komunat e vendit tonë. Ata gjithashtu prezantuan tekstin para-final të Metodologjisë për ndjekjen e procesit të grumbullimit të ambalazhit të qelqit. U theksua se janë parashikuar dy kanale të grumbullimit: popullata (zonat urbane, periferike dhe rurale) dhe sektori HoReKa. Metodologjia ka më shumë qëllime, midis të cilave: rritje të konsiderueshme të sasisë së mbeturinave të grumbulluara të qelqit me të paktën 20% në krahasim me 20219/2020; optimizimi i numrit dhe rregullimit të kontejnerëve për grumbullimin e qelqit; përcaktimi i rutave më efikase për grumbullimin e mbeturinave të qelqit: racionalizimi i dinamikës/ frekuencës së rrugës për grumbullimin e qelqit sipas zonave (urbane, periferike, rurale dhe HoReKa); minimizimi i shpenzimeve për 1 kg qelq të grumbulluar për zonë; sigurimi i të dhënave të sakta dhe të përditësuara për mbeturinat e grumbulluara; kontroll i vazhdueshëm dhe masa të shpejta korrigjuese për të optimizuar grumbullimin e qelqit dhe tjera.

*Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut (BNJVL) në bashkëpunim me Shoqërinë Gjermane për bashkëpunim internacional (GIZ) është partner në implementimin e projektit „Menaxhim me mbeturinat me paketim të qelqit në Ballkanin Perëndimor“, të financuar nga Ministria Federale për bashkëpunim ekonomik dhe zhvillim të Gjermanisë (BMZ) dhe kompania PAKOMAK (Maqedoni), në kuadër të programit për bashkëpunim me sektorin e biznesit develoPPP.de.*

## КОНФЕРЕНЦИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗЕЛС – „ФОРУМ НА ОПШТИНСКА ПРАКТИКА: КОН РОДОВО ОДГОВОРНИ ОПШТИНИ“

„Форум на општинска практика: Кон родово одговорни општини“ беше темата на конференцијата што се одржи на 25 јуни 2021 година, во Скопје во организација на ЗЕЛС. Со овој настан беше заокружен двегодишниот период на реализација на активностите од проектот „Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за родови политики и родово одговорен буџет“, што го реализира ЗЕЛС, со поддршка на UN Women, Скопје, а кој е финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој (СИДА).

**ЗЕЛС со клучна улога во градењето на капацитетите на локалните власти за креирање и имплементирање на родови политики и родово одговорно буџетирање**

Градоначалнички и градоначалници, советнички и советници од лоби-групата за родова еднаквост при ЗЕЛС, како и координатори и координаторки за родова еднаквост од општините дискутираа за предизвиците со кои се соочува локалната власт во градењето на административните капацитети и во креирањето и имплементирањето на родовите политики во различни сегменти од општинските надлежности.

Присутните ги поздрави извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, која говореше за клучната улога на Заедницата во градењето на капацитетите на локалните власти за креирање и имплементирање на родови политики и родово одговорно буџетирање. Таа посочи дека во изминатиот период активностите генерално се темелат на претходно утврдената Стратегија за родова еднаквост на ЗЕЛС (2018 -2030),

Kryetaret e komunave dhe kryetaret e këshillave komunale, anëtare të Grupit të lobimit të BNJVL-së për barazi gjinore, prej 04 deri më 07 korrik, 2021 morrën pjesë në vizitën rajonale të komunës së Tivarit, në Mal të Zi, lidhur me shkëmbimin e praktikave të mira. Aktiviteti është pjesë e projektit „Drejt komunave përgjegjëse për barazi gjinore: përforcimi i kapaciteteve të komunave për integrim të aspektit gjinor në politikat dhe buxhetet lokale" 2019-2021 që BNJVL e zbaton me përkrahjen e zyrës së UN Women në Shkup.

### Femrat në biznes – përdorues më të mëdhenj të mjeteve të programeve komunale për përkrahjen e sipërmarrësisë

Tema e shkëmbimit të përvojave - „Përkrahja e sipërmarrësisë së udhëhequr nga femrat". Komuna e Tivarit, këtë përkrahje e ka institucionalizuar përmes dy programeve: Programi vjetor për sipërmarrësi, në shumë prej 100.000 euro dhe Programi specifik për sipërmarrësinë për femrat, në shumë prej 35.000 euro, që i zbaton përmes viteve fiskale 2020 dhe 2021. Kryetari i Komunës së Tivarit, Dushan Raiçeviq gjatë pranimit të delegacionit të Grupit të lobimit për barazi gjinore në kuadër të BNJVL-së, foli mbi rëndësinë e aspektit gjinor gjatë krijimit të politikave dhe buxhetit në komunë, me theks të veçantë në përkrahjen e bizneseve të vogla dhe të mesme. „Ne u fokusuam në përforcimin e lidhjes me sipërmarrësinë dhe përpiqemi të ndjekim nevojat dhe dëshirat e tyre konform kompetencës së komunës së Tivarit, që ka hyrë edhe në Programin rajonal BFC-SEE lidhur me çertifikimin e komunës për mjedis të përshtatshëm për biznes. Në këtë drejtim edhe në këtë Program për sipërmarrësinë e udhëhequr nga femrat u zhvillua edhe iniciativa e Aleancës politike të femrave të Malit të Zi nga ana e ekipit tim. Qëllimi është t'i promovojmë dhe përkrahim femrat me biznes të cilat janë edhe përdoruesit më të mëdhenj nga programet për përkrahjen e sipërmarrësisë", deklaroi kryetari Raiçeviq. Sipas tij, këto programe kanë kontribuar shumë për mirëmbajtjen e ndërmarrjeve të vogla dhe të mesme në komunën e Tivarit gjatë kohës së krizës me KOVID -19 dhe se si masa janë treguar shumë të dobishme për femrat sipërmarrësve, si më të prekura nga kjo pandemi. Krijimi i vendeve të reja të punës, në përputhje me nevojat e bashkësisë së biznesit do të vazhdojë të jetë një nga qëllimet strategjike të komunës, ku sipërmarrja e grave është një përparësi. Nënkryetarja e Komunës së Tivarit, Tanja Spicanoviq, e cila është gjithashtu përgjegjëse për zbatimin e të dy programeve, foli për mënyrën e aplikimit dhe kriteret për përzgjedhjen e bizneseve të mbështetura nga komuna. „Në vitet






поддржан од општината, говореше потпретседателката на Општина Бар, Тања Спичановиќ, која воедно е одговорна за реализација на двете програми. „Во минатата и оваа година, преку програмите поддржавме околу 100 лица, во износ од 462.751 евра, од кои 300.000 евра беа доделени на 66 жени претприемачи. Нашата цел за поддршка на мали и средни претпријатија се базира на три клучни елементи: финансиска поддршка, воспоставување на инфо-точка за бизнис-заедницата и примери на добра практика", изјави Спичановиќ.

**Рурален туризам, домашни сокови од рози, козметички производи од маслинки...**

Претставниците од лоби-групата за родова еднаквост при ЗЕЛС, во рамките на студиската посета имаа можност директно да се запознаат со дел од жените претприемачи што добиле финансиска поддршка за развивање на нивниот бизнис. Во туристичкото место Лимљани, Црмница, Јелена Пејановиќ, преку „Вкус и традиција" развива рурален туризам и изработува домашни продукти карактеристични за ова поднебје. Таа уредила два апартмана за гости, во традиционален стил, во куќа со автентична црногорска архитектура. Најголемиот број на продукти за храната за гостите се добиваат од нивната градина, а се подготвуваат и одредени продукти како што се: сок и слатко од специјални рози, од шипки и од зелени патлиџани; црвено вино вранец од нивните винови лозја: теста и слатки домашно подготвени и друго. На Јелена ѝ помага речиси целото семејство, односно сопругот и свекрвата, а двете малолетни деца учат како се води бизнисот и ги пречекуваат гостите што доаѓаат речиси во текот на целата година. Местото Лимљани е планинско и е во близина на Скадарско Езеро.

Наташа Пламенац е втората претприемачка што го презентираше својот бизнис пред членовите на лоби-групата. Таа, заедно со своите три ќерки, отворила слаткарница „Tre sorele" во Бар. Во слаткарницата, освен прекрасно аранжирани и вкусни слатки, но и солени јадења, се продаваа и домашните сокови од ружа, нане и калинка, спакувани во промотивни пакети на мали шишенца.

Претставниците од општината ја однесоа делегацијата од ЗЕЛС на Саемот на претприемништво што беше организиран на 6 јули 2021 година, на отворено, во дворецот на кралот Никола, за да се запознае и со другите видови бизнис што биле поддржани со средства од општинските програми. На членовите на лоби-групата на ЗЕЛС, им се придружи и Живко Гошаревски, градоначалникот на Општина Ресен. Општина Бар и Општина Ресен се збратимени општини. На поставените штандови, претприемачите – корисници на општинските средства, говореа за начинот на аплицирање на програмите и изразија голема благодарност до Општина Бар која ги поддржала нивните бизнис-идеи. На штандовите можеа да се видат: домашни сапуни од маслинки и тревки и други козметички производи за релаксација и негување; производи од дрво од маслинка; слики на платно и друго.



e kaluara dhe këtë vit, përmes programeve për mbështetjen e sipërmarrësisë dhe sipërmarrësisë së udhëhequr nga femrat, ne kemi mbështetur rreth 100 persona, 66 prej të cilëve janë femra dhe 34 meshkuj, në shumë prej 462.751 euro, nga të cilat rreth 300,000 kanë për qëllim mbështetjen e femrave sipërmarrëse. Qëllimi jonë për krijimin e besimit dhe partneritetit midis komunës dhe bashkësisë së biznesit është përforcuar përmes këtyre programeve," deklaroi Spicanoviq.




**Turizmi rural, lëngjet e përgatitura në shtëpi nga trëndafilat, prodhimet kozmetike nga ullinjtë...**

Përfaqësuesit e Grupi të lobimit për barazi gjinore në kuadër të BNJVL-së, në kuadër të vizitës studimore, patën mundësi të vizitojnë disa nga femrat drejtpërdrejtë dhe të shohin bizneset e tyre në vendngjarje, që kanë marrë përkrahje financiare për zhvillimin e bizneseve të tyre. Në vendin turistik Limljani, Cërmnica, Jelena Pejanoviq „Shija dhe tradita" zhvillon turizëm rural dhe prodhim të produkteve vendore dhe produkteve nga rajoni i tyre. Ajo ka rregulluar dy apartamente për mysafirët në stil tradicional, në shtëpi me arkitekturë autentike malazeze. Numrin më të madh të produkteve për ushqim për mysafirët i marrin nga kopshti i tyre, ndërsa përgatiten edhe produkte siç janë: lëng dhe reçel i bërë nga trëndafilat, patëllxhanë të gjelbër, kaça; vena e kuqe nga vreshtat e tyre për venë; brumëra dhe reçele të përgatitur në shtëpi etj. Jelenës i ndihmon pothuajse çdo anëtar i familjes, respektivisht nga burri dhe vjehrra e saj, dhe ka dy fëmijë të mitur që njihen me rrjedhën e biznesit dhe me mirëseardhjen e mysafirëve që vijnë në apartamentet e tyre gjatë gjithë vitit. Vendi Limljani është malor dhe afër Liqenit të Shkodrës.

Natasha Pllamenac është sipërmarrësja e dytë e cila prezantoi biznesin e saj, para anëtareve të Grupit të lobimit. Ajo së bashku me me tre vajzat e saj hapën dhe punojnë në ëmbëltoren „Tre sorele" në Tivar. Në ëmbëltoren përveç ëmbëlsirave të aranzhuara mirë e njëkohësisht edhe të shijshme, por edhe ushqimeve të kripshme, shiteshin edhe lëngje trëndafili, menta dhe shege, të paketuara në pako promovuese në shishe të vogla.

Përfaqësuesit e komunës e dërguan delegacionin e BNJVL-së në Panairin e sipërmarrësisë që u organizua më 06 korrik, 2021, nën qiell të hapur, në oborrin mbretëror të mbretit Nikolla, ku sipërmarrësit i ekspozuan dhe paraqitën prodhimet nëpër stenda. Gjatë panairit, anëtarët e Grupit të lobimit të BNJVL-së, së bashku me kryetarin e komunës së Resnjës, Zhivko Gosharski. Komuna e Tivarit dhe Komuna e Resnjës janë binjakëzuar. Në stendat e vendosura, sipërmarrësit – shfrytëzuesit e mjeteve të komunës. Në përhapjen e raportit , sipërmarrës-përdorues të komunave, revista mbi mënyrën për të aplikuar në programet dhe programe të mëdha në komunën e Tivarit, e cila ka mbështetur biznesin. Në stendat mund të shihni: sapunë shtëpiak nga ullinj dhe bimë dhe kremëra të tjerë kozmetikë; produkte prej druri ulliri; figurat janë kanavacë dhe më shumë.

# ОПШТИНСКИОТ ПРЕТСТАВНИК ЗА МАЛЦИНСКИ ПРАШАЊА И ПРАВА, КАКО НАЧИН ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ГРАЃАНИ

Педесетина учесници од општинската администрација од нашата земја, заедно со претставници од општините од Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Албанија и Косово, на 6 јули 2021 година, го проследија веб-семинарот на тема „**Општински претставник за малцински прашања и права**“. Семинарот се одвиваше на англиски јазик, со симултан превод на македонски, албански и српски јазик. На семинарот беше презентирана и добрата практика за примена на овој социјален пристап за унапредување на правата на ранливите категории граѓани.

Имено, Општинскиот претставник за малцински права, воспоставен во 1988 година во сојузната покраина Шлезвиг-Холштајн во Германија, претставува еден вид советодавно тело на Владата. Општинскиот претставник е врската меѓу малцинствата и Владата и овозможува да се одржува редовен дијалог меѓу нив. Целта на ова тело е во заедниците каде што има културна и јазична разноликост на системски начин да се придонесе кон почитување на правата на малцинствата, да се одржи нивниот идентитет и култура, како и да се даде придонес кон мирното живеење и коегзистенцијата меѓу сите граѓани.







Добра практика беше презентирана и од Босна и Херцеговина, каде Канцеларијата за национални малцинства во Општина Бјелина претставува институционализиран механизам кој обезбедува интегрирање на потребите, особено на Ромите, при креирањето на локалните политики и буџет. Ова тело одржува истовремено дијалог со невладините организации и претставува врска на ранливите категории со локалната власт. Општина Бјелина презентираше добра практика реализирана преку обезбедување на социјални станови на Ромите, при што досега изградила шест а, во тек е изградбата на уште 24 стана за ромски семејства. Вкупната сума на проектот е 1,5 милиони евра, од кои две третини обезбедила општината, а една третина се добиени од донатори. Оваа општина, исто така, обезбедува и бесплатна градинка за децата, Роми. Општината има одлична соработка со невладините организации чии претставници се вклучени во креирањето на локални стратешки документи, како и во имплементација на заеднички проекти. Учесниците на семинарот посочија дека најчести предизвици со кои се соочуваат нивните општини се: недостигот на политичка заложба и ограничените човечки и финансиски капацитети.

Веб-семинарот претставува дел од активностите на проектот „Промовирање и проширување на моделите за вклучување на малцинствата и другите ранливи групи во Западен Балкан“, што ЗЕЛС го спроведува во партнерство со НАЛАС, а со поддршка на ГИЗ (Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit - GIZ).

# PËRFAQËSUES KOMUNAL PËR ÇESHTJET DHE TË DREJTAT E PAKICAVE, SI MËNYRË E AVANCIMIT TË TË DREJTAVE TË KATEGORIVE TË NDJESHME TË QYTETARËVE

Pesëdhjetë përfaqësues nga administrata komunale nga vendi jonë, së bashku me përfaqësuesit e komunave të Serbisë, Bosnjë dhe Hercegovinë, Mal të Zi, Shqipëri dhe Kosovë, më 6 korrik, 2021, ndoqën uebinarin me temë „Përfaqësues komunal për çështjet dhe të drejtat e pakicave“. Seminari u realizua në gjuhën angleze, me përkthim simultan në maqedonisht, shqip dhe serbisht. Në seminar u prezantuan edhe praktikat e mira, për zbatimin e kësaj qasjeje sociale lidhur me avancimin e të drejtave të kategorive të ndjeshme të qytetarëve.

Emërisht, përfaqësuesi komunal për të drejtat e pakicave, i themelua në vitin 1988, në krahinën federale Schleswig-Holstein në Gjermani është një lloj trupi këshillëdhënës i Qeverisë. Përfaqësuesi komunal është lidhja midis pakicave dhe Qeverisë dhe mundëson mbajtjen e një dialogu të rregullt midis Qeverisë dhe pakicave. Qëllimi i këtij organi është që në bashkësitë ku ka diversitet kulturor dhe gjuhësor në mënyrë sistematike për të kontribuar në respektimin e të drejtave të pakicave, për të ruajtur identitetin dhe kulturën e tyre, si dhe për të kontribuar në jetën paqësore dhe bashkëjetesën mes të gjithë qytetarëve.

Praktika e mirë u prezantua gjithashtu edhe nga Bosnja dhe Hercegovina, ku Zyra për pakicat nacionale në Komunën e Bijeljina është një mekanizëm i institucionalizuar që siguron integrimin e nevojave, veçanërisht të Romëve, gjatë krijimit të politikave dhe buxheteve lokale. Në të njëjtën kohë, ky organ mban një dialog me organizatat joqeveritare dhe përfaqëson lidhjen e kategorive të ndjeshme me pushtetin lokal. Komuna e Bijeljinës paraqiti një praktikë të mirë në sigurimin e banesave social për romët, ku ka ndërtuar gjashtë deri më tani, ndërsa në ndërtim e sipër është ndërtimi i 24 apartamenteve të tjera për familjet rome. Shuma e përgjithshme e projektit është 1.5 milion euro, nga të cilat dy të tretat janë siguruar nga komuna, dhe një e treta janë marrë nga donatorët. Kjo komunë gjithashtu ofron një kopsht fëmijësh falas për fëmijët romë. Komuna ka një bashkëpunim të shkëlqyer me organizatat joqeveritare përfaqësuesit e të cilëve janë të përfshirë në krijimin e dokumenteve strategjike vendore, si dhe në zbatimin e projekteve të përbashkëta. Pjesëmarrësit e seminarit theksuan se sfidat më të shpeshta me të cilat ballafaqohen komunat e tyre janë: mungesa e angazhimit politik dhe kapaciteti i kufizuar njerëzor dhe financiar.

Uebinari është pjesë e aktiviteteve të projektit „Promovimi dhe zgjërimi i modeleve për përfshirjen e pakicave dhe grupeve të ndjeshme të tjera në Ballkanin Perëndimor", të cilin BNJVL e zbaton në partneritet me NALAS, ndërsa me përkrahjen e Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ)

# ВКУПНО 24 ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ОПШТИНИТЕ СЕ СТЕКНАА СО СЕРТИФИКАТИ ЗА ПРИМЕНА НА ПРИСТАПИ ЗА ИСПОРАКА НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Вкупно 24 претставници од општинската администрација, кои вршат административни активности од социјалната заштита, вклучително и еден претставник од ЗЕЛС, се стекнаа со сертификати за поминати е-обуки за примена на пристапи за испорака на социјални услуги. Сертификатите беа издадени од страна на Мрежата на локални власти од Југоисточна Европа (НАЛАС), по спроведените испити за учесниците за проверка на нивните стекнати знаења. На е-обуките учествуваа претставници од општини од пет држави од регионот. Тие имаа можност да изберат и да следат една од петте понудени теми од областа на социјалната политика. Досега, преку електронска платформа беа реализирани четири теми, а во текот на септември, 2021 година, ќе биде спроведена и последната „Инклузивно управување со ризици од катастрофи". Секоја е-обука се состои од четири модули и се спроведуваше во период од четири недели, на англиски јазик. Лицата што ги следеа овие обуки, воедно имаа можност да се запознаат и со добрата практика што се користи во локалните заедници од Албанија, Србија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и во нашата земја.

За учество на е-обуките, на кои се пријавија 38 претставници од општините од нашата земја, имаше јавен повик што го објави ЗЕЛС. Целта на обуките е да се зајакнат капацитетите на претставниците на локалните самоуправи за примена на пристапи за испорака на социјални услуги со што се очекува придонес кон унапредување на социјалната инклузија и социјалната кохезија на локално ниво и подобрување на условите на живеење на ранливите категории граѓани. Заедничко за сите обуки, од аспект на обезбедување на услуги, е дека општините треба да се стремат кон задолжително спроведување на социјално мапирање и да ги утврдуваат ранливите категории и приоритетните проблеми и потреби во заедниците со цел соодветно креирање на локални политики и развивање на услуги што им се потребни на граѓаните.

Со сертификат за помината обука на тема „**Воспоставување на дневни центри како услуги за поддршка на семејството и услуги кои се базирани во заедницата; дневни центри**", од нашата земја се стекнаа шест претставници на општинската администрација и еден претставник од ЗЕЛС. Еден од најефикасните начини за обезбедување на ваков сервис во заедницата е со воспоставување на меѓусебна соработка на општината со локална невладина организација, која има лиценца и капацитет за работа со ваков вид ранливи категории на лица (деца и возрасни лица со попречености, деца во ризик, стари лица, лица што злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции и друго). Поддршката може да се обезбеди преку користење на простории во сопственост на општината, покривање на тековни трошоци, како и преку грантови за програми/проекти и финансирање на програмските активности на соодветната невладина организација. Услугата за дневен престој, како услуга во заедницата, е утврдена и во Законот за социјална заштита на РСМ.

Пет претставници на општините и претставник од ЗЕЛС се стекнаа со сертификат за помината обука за „**Подигнување на свеста во заедницата за унапредување на социјалните права на ранливите категории, недискриминација и инклузија на локално ниво**" со што го подигнаа нивото на своите познавања за водење

# GJITHSEJ 24 PËRFAQËSUES NGA KOMUNAT MORRËN CERTIFIKATË PËR ZBATIMIN E QASJEVE PËR DËRGESË TË SHËRBIMEVE SOCIALE

Gjithsej 24 përfaqësues të administratës komunale, që kryejnë aktivitete komunale nga lëmia e mbrojtjes sociale, përfshirë edhe një përfaqësues të BNJVL-së morrën certifikata për e-trajnimeve të ndjekura lidhur me zbatimin e qasjeve për dërgesë të shërbimeve sociale. Certifikatat u dorëzuan nga ana Rrjetit të pushteteve lokale të Evropës Juglindore (NALAS) pas realizimit të provimeve për pjesëmarrësit nga komunat ose pesë shtetet në rajon. Të njëjtët patën mundësi të zgjedhin dhe të ndjekin një prej pesë temave të ofruara në lëminë e politikës sociale. Deri më tani përmes platformës elektronike janë realizuar katër tema, ndërsa gjatë shtatorit, 2021, do të zbatohet edhe e fundit „Menaxhim inkluziv me rreziqet nga katastrofat". Çdo e-trajnim përbëhet nga katër module dhe zbatohet në periudhë prej 4 javësh, në gjuhën angleze. Personat të cilët ndoqën këto trajnime, njëkohësisht kanë mundësi të informohen edhe për praktikat e mira që shfrytëzohen në bashkësitë lokale në Shqipëri, Serbi, Bosnjë dhe Hercegovinë, Kosovë, Mal të Zi edhe në vendin tonë.

Për pjesëmarrje në trajnimet elektronike, ku morrën pjesë 38 përfaqësues nga komunat e vendit tonë, atyre u parapriu një thirrje publike e shpallur nga BNJVL. Qëllimi i trajnimeve është të përforcojë kapacitetet e përfaqësuesve të vetëqeverisjes lokale për zbatimin e qasjeve për dërgesën e shërbimeve sociale, e cila pritet të kontribuojë në promovimin e përfshirjes sociale dhe kohezionit social në nivelin lokal dhe përmirësimin e kushtet e jetesës së kategorive të ndjeshme të qytetarëve. E përbashkët për të gjitha trajnimet, në aspektin e dërgesës të shërbimeve, është se komunat duhet të përpiqen për zbatimin e detyrueshëm të hartës sociale dhe të identifikojnë kategoritë e ndjeshme dhe problemet dhe nevojat prioritare në bashkësitë me qëllim që të krijohen në mënyrë adekuate politikat lokale dhe gjithashtu zhvillohen shërbimet që janë të nevojshme për qytetarët.

Me certifikatën për trajnimin e përfunduar me temën - „**Themelimi i qendrave ditore si shërbime për përkrahje të familjes dhe shërbime që janë bazuar në bashkësi; qendrat ditore**", nga vendi jonë të njëjtën e morrën gjashtë përfaqësues nga administrata komunale dhe një përfaqësues nga BNJVL. Një nga mënyrat më efektive për të ofruar një shërbim të tillë në bashkësi është krijimi i bashkëpunimit reciprok të komunës me organizatë joqeveritare lokale, e cila ka licencë dhe kapacitet për të punuar me këtë lloj kategorish të ndjeshme të fëmijëve (fëmijë dhe të rritur me aftësi të kufizuara, fëmijët në rrezik, të moshuarit, njerëzit që abuzojnë me drogë dhe substanca të tjera psikotrope, etj). Përkrahja mund të sigurohet përmes përdorimit të hapësirave në pronësi të komunës, duke mbuluar shpenzimet aktuale, si dhe përmes granteve për programe / projekte dhe financimit të aktiviteteve programore të organizatës joqeveritare përkatëse. Shërbimi i kujdesit ditor, si shërbim i bashkësisë është përcaktuar edhe në Ligjin për mbrojtjen sociale të RMV.

Pesë përfaqësues të komunave dhe një përfaqësues i BNJVL-së morën një certifikatë për trajnimin e përfunduar me temë "Ngritja e vetëdijes në komunitet për promovimin e të drejtave sociale të kategorive të cenueshme, mosdiskriminimi dhe përfshirja në nivel lokal", e cila ngriti nivelin e tyre të rrisë ndërgjegjësimin e të gjitha subjekteve përkatëse në nivel lokal dhe publikut të gjerë për nevojat dhe problemet e kategorive të cenueshme të personave, në mënyrë që të promovohen politikat dhe praktikat që do të kontribuojnë në përmirësimin e gjendjes së tyre. Pjesëmarrësit u njohën me hapat kryesorë për krijimin e një fushate të suksesshme, siç janë identifikimi i problemit dhe subjektet kryesore që kanë një interes, por edhe fuqia për të

на кампањи за зголемување на свеста на сите релевантни субјекти на локално ниво и на пошироката јавност за потребите и проблемите на ранливите категории лица, а сè со цел да се унапредат политиките и практиката, со кои ќе се придонесат кон подобрување на нивната состојба. Учесниците се запознаа со клучните чекори за креирање на успешна кампања, како што се: идентификување на проблемот и на клучните субјекти кои имаат интерес, но и моќ да влијаат кон разрешување на предизвикот; креирање на пораки што ќе содржат важни информации за самиот предизвик, но и кои ќе понудат конкретни решенија.

Четири претставници на општините и ЗЕЛС се стекнаа со сертификат за помината обука за „**Воспоставување на форум за социјален дијалог како партиципативен механизам за креирање на локални социјални политики и услуги за ранливите групи**". Учесниците ги продлабочија своите знаења за тоа како да иницираат воспоставување на форум за социјален дијалог, но и како да го координираат овој локален механизам. Законот за социјална заштита на РСМ, предвидува формирање на Совет за социјална заштита на општинско ниво, како и на ниво на плански регион. Општинскиот совет за социјална заштита треба да биде составен од претставници на општинската администрација, центарот за социјална работа, полицијата, здравствените и образовни институции, агенција за вработување, граѓански здруженија, верски заедници и други правни и физички лица кои вршат дејност на социјална заштита. Согласно со Законот, општинскиот совет за социјална заштита изготвува социјален план за подрачјето на општината, во кој се мапираат социјалните проблеми, се анализираат капацитетите и достапните социјални услуги, како и се идентификуваат потребите за развој на социјалните услуги во општината. Со овој локален механизам не само што треба да се влијае врз креирањето на локалните политики во доменот на социјалната заштита, туку треба да се биде и активен учесник при нивна имплементација.

Со сертификат за помината обука за „**Воспоставување на мобилни тимови за испорака на основни социјални услуги до ранливите категории во нивното непосредно окружување**" се стекнаа девет претставници на општините. Во нашата држава, Законот за социјална заштита, специфично не ги препознава мобилните и теренските услуги, но тие се дел од следните социјални услуги: услуги за информирање и упатување, професионална помош и услуги за поддршка и советодавни услуги. Преку мобилните услуги се обезбедуваат специјализирани интервенции на ранливите категории, а услугите вклучуваат: едукации, психо–социјална терапија и советување, обезбедување медицински пакети, обезбедување на социјална помош итн. Теренските услуги имаат цел да обезбедат пред сè поддршка на ранливите лица од аспект на пристап до социјалните, здравствените, образовните и друг вид услуги. Се препорачува мобилните тимови да бидат управувани од невладина организација, а услугите треба да ги испорачуваат во домот или пак во непосредното опкружување на ранливите категории. Овие тимови треба да бидат повеќесекторски, составени од претставници на локалните власти, државните институции и невладините организации.

*Е-курсевите се спроведуваат во рамките на проектот на НАЛАС „Зајакнување на локалните капацитети за спроведување на Агенда 2030 и принципот Никој да не биде изоставен", имплементиран од ЗЕЛС и здруженијата на локалните власти од Западен Балкан во соработка и поддржан од регионалниот проект „Социјални права за ранливи групи". Регионалниот проект го спроведува ГИЗ (Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit) во име на Сојузното министерство за економска соработка и развој (BMZ).*

ndikuar në zgjidhjen e sfidës; si dhe duke krijuar mesazhe që do të përmbajnë informacione të rëndësishme për vetë sfidën por edhe që do të ofrojnë zgjidhje konkrete.

Pesë përfaqësues të komunave dhe një përfaqësues të BNJVL -së morrën certifikatë për trajnimin e përfunduar lidhur me „**Ngritjen e vetëdijes në bashkësi lidhur me avancimin e të drejtave sociale të kategorive të ndjeshme, mos-diskriminimi, dhe inkluzioni në nivel lokal**" që ngriti nivelin e tyre që të rrisë ndërgjegjësimin e të gjitha subjekteve përkatëse në nivel lokal dhe publikut të gjerë për nevojat dhe problemet e kategorive të ndjeshme të personave, në mënyrë që të promovohen politikat dhe praktikat që do të kontribuojnë në përmirësimin e gjendjes së tyre. Pjesëmarrësit u njohën me hapat kryesorë për krijimin e një fushate të suksesshme, siç janë identifikimi i problemit dhe subjektet kryesore që kanë një interes, por edhe fuqia për të ndikuar në zgjidhjen e sfidës; si dhe duke krijuar mesazhe që do të përmbajnë informacione të rëndësishme për vetë sfidën por edhe që do të ofrojnë zgjidhje konkrete.

Katër përfaqësues të komunave dhe BNJVL-së morrën certifikatë për trajnimin e përfunduar lidhur me „Themelimin e një forumi për dialog social si mekanizëm participativ për krijimin e politikave dhe shërbimeve sociale lokale për grupet e ndjeshme". Pjesëmarrësit i thellësuan njohuritë e tyre se si të iniciojnë krijimin e një forumi për dialog shoqëror, por edhe se si të koordinojnë këtë mekanizëm lokal. Ligji për mbrojtjen sociale të Republikës së Maqedonisë parashikon formimin e një Këshilli për mbrojtjen sociale në nivel komunal, si dhe në nivel të rajoneve të planifikuese. Këshilli komunal për mbrojtjen sociale duhet të përbëhet nga përfaqësues të administratës komunale, qendrës për punë sociale, policisë, institucioneve shëndetësore dhe arsimore, agjencisë së punësimit, shoqatave civile, bashkësive fetare dhe personave të tjerë juridikë dhe individëve të angazhuar në mbrojtjen sociale. Sipas Ligjit, këshilli komunal për mbrojtjen sociale përgatit një plan social për zonën e komunës në të cilën janë hartuar problemet sociale, janë analizuar kapacitetet dhe shërbimet sociale në dispozicion, si dhe nevojat për zhvillimin e shoqërisë janë identifikuar shërbimet sociale në komunë. Me këtë mekanizëm lokal jo vetëm që duhet të ndikohet në krijimin e politikave lokale në fushën e mbrojtjes sociale, por gjithashtu duhet të jetë një pjesëmarrës aktiv gjatë zbatimit të tyre.

Certifikatë për trajnimin e përfunduar lidhur me „Krijimin e ekipeve mobile për dërgesën e shërbimeve themelore sociale për kategoritë e ndjeshme në mjedisin e tyre të drejtpërdrejte" morrën nëntë përfaqësues të komunave. Në vendin tonë, Ligji për mbrojtjen sociale nuk njeh në mënyrë specifike shërbimet celulare dhe në terren, por ato janë pjesë e shërbimeve sociale në vijim: shërbimet e informacionit dhe referimit, shërbimet e ndihmës dhe ndihmës profesionale dhe shërbimet këshilluese. Përmes shërbimeve mobile sigurohen intervenime të specializuara për kategoritë e ndjeshme, dhe shërbimet përfshijnë: edukim, terapi dhe këshillim psiko-social, sigurim të paketave mjekësore, ofrim të ndihmës sociale, etj. Shërbimet në terren synojnë kryesisht të ofrojnë përkrahje për personat e cenueshëm në aspektin e qasjes në shërbimeve sociale, shëndetësore, arsimore dhe shërbime të tjera. Rekomandohet që ekipet mobile të menaxhohen nga ana e ndonjë organizate joqeveritare, dhe dërgesa e shërbimeve të bëhet në shtëpi ose në afërsi të kategorive të ndjeshme. Këto ekipe duhet të jenë shumë-sektoriale, të përbëra nga përfaqësues të pushteteve lokale, institucioneve shtetërore dhe organizatave joqeveritare.

*E-kurset zbatohen në kuadër të projektit të NALAS „Përforcimi i kapaciteteve lokale për zbatimin e Agjendës 2030 dhe parimin Askush të mos ngelet i anashkaluar", i implementuar nga BNJVL dhe shoqatat e pushteteve lokale nga Ballkani Perëndimor në bashkëpunim dhe mbështetje të projektit rajonal për „Të drejta sociale për grupet e ndjeshme". Projektin rajonal e zbaton Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) në emër të Ministrisë Federale për bashkëpunim ekonomik dhe zhvillim (BMZ).*

## УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС СО ЈАСНИ ЗАКЛУЧОЦИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ФИСКАЛНАТА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКАТА АВТОНОМИЈА НА ОПШТИНИТЕ

Управниот одбор на ЗЕЛС, на 16 јули 2021 година, во просториите на административната зграда на ЗЕЛС, ја одржа осумнаесеттата седница. Присутните го разгледаа предлогот на Министерството за финансии (МФ) за унапредување на процесот на фискална децентрализација и зголемување на финансиската автономија на општините. Предлогот содржи идеи за зголемување на финансиската дисциплина; намалување и репрограмирање на доспеаните и неподмирени обврски; подобрување на фискалниот капацитет и зголемување на приходите на општините; наградување на општините кои имаат подобра наплата на сопствените приходи преку Фондот за перформанс и обезбедување на средства за општините кои покажуваат фискален напор преку Фондот за воедначување. Со предлогот се предвидува постепено зголемување на процентот од данокот на додадена вредност (ДДВ) почнувајќи од 2022 година, кога би изнесувал 5 %, во 2023 година би бил 5,5 %, а во 2024 година би достигнал висина од 6 %. Со примената на нови критериуми за распределба и за зголемување на процентот од персоналниот данок на добивка (ПДД), од сегашните 3 % на 6 %, и тоа со постепено зголемување, во 2022 година 4 %, во 2023 година 5 %, во 2024 ќе се достигне до 6 %. Овој процент на зголемување ќе биде условен преку исполнување на условите предвидени со двата фонда: за перформанс и за воедначување. Министерството предложи и нов модел на репрограмирање на обврските на општините и формирање на агенција за локален и регионален развој, по примерот на бугарската агенција, специјализирана за заеми наменети за инфраструктурен развој.



По обемната дискусија беше подготвен документ со прецизни предлози кои беа испратени на дополнително разгледување од сите членови на Управниот одбор, по што беа утврдени следните заклучоци:

1. Барањето на ЗЕЛС, содржано во документот Систематизирани ставови на ЗЕЛС, кој е доставен на Владата, јасно кажува дека бараме 10 % од ДДВ да се алоцираат за општините. Од тие 10 % се предлага 7,5 % да се распределат според одредени критериуми, додека остатокот од 2,5 % да се искористи за воедначување или наградување на одредени општини. ЗЕЛС сè уште мисли дека ова би бил најправилен начин на кој би се делеле финансиските средства на општините.

2. ЗЕЛС смета дека предлогот од МФ не соодветствува на потребите и дека воопшто не треба да се намали сумата што некои од општините би ја добиле со промената на процентот. Имено, мислиме дека основната формула би требало да предвиди дека поделбата на ДДВ нема да биде помала од сегашната вредност, односно 4,5 %, а остатокот

## BORDI DREJTUES I BNJVL-SË ME KONKLUZIONE TË QARTA PËR AVANCIMIN E PROCESIT TË DECENTRALIZIMIT FISKAL DHE RRITJEN E AUTONOMISË FINANCIARE TË KOMUNAVE

Bordi drejtues i BNJVL-së më 16 korrik, 2021, në hapësirat e ndërtesës së BNJVL-së më 16 korrik, 2021, në hapësirat e ndërtesës administrative të BNJVL-së, mbajtën seancën e tetëmbëdhjetë. Të pranishmit shqyrtuan propozimin e Ministrisë për financa (MF) lidhur me avancimin e procesit të decentralizimit fiskal dhe rritjen e autonomisë financiare të komunave, që përmban propozime për rritjen e disiplinës financiare; zvogëlimi i riprorgamimit të detyrimeve me afat të kaluar dhe të papaguar; përmirësimi i kapacitetit dhe rritja e të hyrave të komunave; shpërblimi i komunave të cilat kanë arkëtim më të mirë të të hyrave personale përmes fondit për performancë dhe sigurim të mjeteve për komunat të cilat tregojnë të cilat shfaqin përpjekje financiare përmes fondit për barazim. Propozimi parashikon një rritje graduale të përqindjes së tatimit mbi vlerën e shtuar (TVSH) duke filluar nga viti 2022 kur do të ishte 5%, në 2023 do të ishte 5.5%, dhe në 2024 do të arrinte 6%, duke aplikuar kritere të reja për shpërndarjen dhe rritjen e përqindjes së tatimit mbi të ardhurat personale (TAP) nga 3% aktual në 6% me një rritje graduale, në 2022 -4%, në 2023- 5% dhe në 2024 për të arritur 6%. Kjo rritje në përqindje do të jetë e kushtëzuar me përmbushjen e kushteve të ofruara nga dy fondet: për performancën dhe për barazimin. Ministria gjithashtu propozoi një model të ri për riprogramimin e detyrimeve komunale dhe krijimin e një Agjensioni për zhvillimin lokal dhe rajonal, duke ndjekur shembullin e një agjencioni të Bullgarisë e specializuar në huatë të dedikuara për zhvillimin e infrastrukturës.

Pas diskutimit të gjerë, u përgatit një dokument me propozime të qarta që u dërguan për shqyrtim të mëtejshëm te të gjithë anëtarët e Bordit Drejtues, pas së cilës u përcaktuan përfundimet e mëposhtme:

1. Kërkesa e BNJVL -së, e përmbajtur në dokumentin Qëndrimet e Sistemuara të BNJVL -së, e cila i është dorëzuar Qeverisë, thotë qartë se ne kërkojmë që 10% e TVSH -së t'i ndahet komunave. Nga ato 10%, propozohet që 7.5% të ndahen sipas kritereve të caktuara, ndërsa 2.5% e mbetur të përdoren për barazimin ose shpërblimin e komunave të caktuara. BNJVL akoma mendon se kjo do të ishte mënyra më korrekte për shpërndarjen e fondeve të komunave.

2. BNJVL konsideron se propozimi i MF nuk korrespondon me nevojat dhe se shuma që disa nga komunat do të merrnin duke ndryshuar përqindjen nuk duhet të zvogëlohet fare. Emërisht, mendojmë se formula bazë duhet të sigurojë që ndarja e TVSH -së të mos jetë më e vogël se vlera aktuale, pra 4.5%, dhe pjesa tjetër e rritjes mund të përdoret për dy fondet e propozuara. Vetëm për t'ju kujtuar, propozimi i Ministrisë për financa parashikon që në vitin 2024 fondi bazë për shpërndarjen e fondeve të TVSH -së do të ishte vetëm 3%, që do të thoshte një goditje e madhe për disa komuna.

3. Sa i përket shpërndarjes së fondeve të TVSH -së, konsiderohet se do të ishte më e drejtë që ajo të ishte në raport: 70% sipas numrit të banorëve në komunë; 15%

од зголемувањето може да се користи за двата предложени фонда. Само да потсетиме, во предлогот од МФ се предвидува дека во 2024 основниот фонд за распределба на средствата од ДДВ би изнесувал само 3 %, што би значело голем удар за некои општини.



3. Во однос на распределбата на средствата од ДДВ, се смета дека најправедно би било таа да биде во соодност: 70 % според бројот на жителите во општината; 15 % според површината на општината и 15 % според бројот на населени места во општината. На овој начин поделбата би била правична и за општините кои имаат голема територија и за општините кои имаат голем број на населени места.

4. Барањето на ЗЕЛС, а согласно со фактот дека тоа е практика во многу европски земји, е процентот што им се доделува на општините од персоналниот данок да биде најмалку 50 %. Разбирајќи ја положбата со финансиските ресурси во државата во моментот, согласни сме почетокот да биде со 30 %, што е далеку од предложените 6 % во моментов. Критериумите за распределбата на средствата од овој приход треба да останат исти како и досега.

5. Распределбата на средства од двата фонда, за воедначување и за перформанси, не е доволно јасна и дава многу простор за недоследно спроведување. Затоа мислиме дека критериумите за распределба треба да бидат многу попрецизни и појасни, што би ни ја дало вистинската слика како би изгледала таа распределба на крај. Би било пожелно да се направат и дополнителни симулации за членовите на УО на ЗЕЛС, но и сите други општини да имаат јасен приказ што би значело тоа за нив.

**Потребни се јасно утврдени критериуми за децентрализација на културните институции**

На седницата беше разгледан и предлогот од Министерството за култура во однос на децентрализација на културните институции. ЗЕЛС уште еднаш ги потенцираше своите ставови дека е потребно да се утврдат јасни критериуми за децентрализација на културните установи на локално ниво и соодветно да добијат и средства за нив, таму каде што се планира децентрализација на установите, таму каде што веќе има формирано нови и за општините кои имаат активности во рамките на оваа надлежност.

Управниот одбор заклучи дека во рамките на работното тело, формирано за продлабочување на децентрализацијата, но и со директни преговори со Владата, уште еднаш ќе ги афирмира своите ставови предвидени со документот Систематизирани ставови на ЗЕЛС.



sipas sipërfaqes së komunës dhe 15% sipas numrit të vendbanimeve në komunë. Në këtë mënyrë ndarja do të ishte e drejtë edhe për komunat që kanë një territor të madh ashtu edhe për komunat që kanë një numër të madh vendbanimesh.



4. Kërkesa e BNJVL -së ndërsa konform faktit se është praktikë në shumë vende evropiane, është përqindja që u ndahet komunave nga tatimi mbi të ardhurat personale duhet të jetë së paku 50%. Duke kuptuar pozicionin me burimet financiare në vend për momentin, ne jemi dakord që fillimi të jetë me 30%, i cili është larg nga 6% i propozuar për momentin. Kriteret për shpërndarjen e mjeteve nga këto të ardhura duhet të mbeten të njëjta si deri më tani.

5. Shpërndarja e mjeteve nga të dy fondet, për barazimin dhe performancën, nuk është mjaft i qartë dhe jep shumë hapësirë për zbatim inkonsekuent. Prandaj, mendojmë se kriteret për shpërndarjen në bazë të këtyre dy fondeve duhet të jenë shumë më precize dhe më të qarta, gjë që do të n'a jepte pamjen e vërtetë se si do të dukej ajo shpërndarje në fund. Do të ishte e dëshirueshme që të bëhen simulime shtesë në mënyrë që anëtarët e BD të BNJVL -së, por edhe të gjitha komunat tjera, të kenë një pasqyrë të qartë se çfarë do të thotë kjo për ta.

**Nevojiten kritere të përcaktuara qartë për decentralizimin e institucioneve kulturore**

Në seancë u shqyrtua edhe propozimi i Ministrisë për kulturë lidhur me decentralizimin e institucioneve kulturore. BNJVL edhe një herë potencoi qëndrimet e saj se është e nevojshme të përcaktohen kritere të qarta për decentralizimin e institucioneve kulturore në nivel lokal dhe konform kësaj të marrin edhe mjete për të njëjtat, pikërisht ku është planifikuar decentralizimi i institucioneve, aty ku tashmë ka formuar të reja edhe për komunat të cilat kanë aktivitete në kuadër të kësaj kompetencë.

Bordi drejtues konkludoi se në kuadër të trupit punues, është të formuar për thellësim të decentralizimit, por edhe me negociata direkte të Qeverisë, edhe një herë do t'i afirmojë qëndrimet e tyre të parashikuara në dokumentin Qëndrimet e sistematizuara të BNJVL-së.



ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**

тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. "Копенхагенска" бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**

tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. "Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk